Архивски број: 08-731/2
Датум: 25.10.2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 731/1 од 09.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted], за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, против Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитет Св. „Климент Охридски“ - Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за неповедување на постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08 - 731/1 од 09.10.2023 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитет Св. „Климент Охридски“ - Битола.

### Образложение

На 09.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи против нејзиниот работодавач - Факултетот за безбедност – Скопје.

Подносителката тврди дека е дискриминирана поради тоа што како универзитетски професор со долгогодишно искуство, богата научно – истражувачка дејност, бројни трудови и учество на голем број домашни и меѓународни конференции не е избрана во повисоко научно звање. Како што наведува, единствено таа по втор пат е избрана во звање – вонреден професор. За разлика од неа, сите останати колеги биле избрани во звање - редовни професори. На овој начин подносителката тврди дека е ставена во понеповолна положба во споредба со останатите вработени кои имаат избор во звање редовен професор. Според подносителката таквото постапување е условено со одредбата од Законот за високото образование, со која се предвидува: „Ако при избор, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно и наставно звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.“ Подносителката наведува дека во целиот период на спроведување на постапката за избор, постоела тенденциозна намера во однесувањето на деканот на факултетот. Тоа освен што имало влијание кај останатите

членови на наставно – научниот совет, кај поднесителката предизвикало чувство на пониженост, деградирање, повреда на нејзиниот личен и професионален интегритет.

По разгледување на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека претходно постапувала по претставка поднесена од од Татјана Гергинова со бр. 08 - 336/1 од 27.04.2023 година, во која се содржани истите тврдења. По претходно поднесената претставка Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донела Мислење со бр. 08 – 336/7 од 05.09.2023 година со кое не се утврдува дискриминација во постапувањето на Факултетот за безбедност - Скопје.

Поради наведеното, како и недостатокот на нови факти и околности, различни од наведените во првичната претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека се исполнети законските услови од **член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.**

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 731/1 од 09.10.2023 година.

Скопје
25.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk